**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН СУД**
**СКОПЈЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT**
**GJYKATA ADMINISTRATIVE**
**SHKUP**

**Су-01.бр.0102-32/2022**
**12.12.2022 година**

Претседателот на Управен суд, m-r Burim Sejdini, согласно со член 88 став 1 и 92 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06…96/19), во врска со член 7 став 1 алинеја 4 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“бр.66/2013 и бр.114/2014), по одржаната седница на судиите, на 07.12.2022 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2023 ГОДИНА

Со оваа Програма, се определуваат работите и задачите од делокругот на Управниот суд, а особено видот и бројот на предметите по кои Судот постапува, работите и задачите по однос на следењето и проучувањето на проблемите што произлегуваат од судската практика, а се од интерес за правилна и единствена примена на законите и подзаконска правна регулатива.

Преку определување на работите и задачите што се во надлежност на овој Суд, во вршење на судската функција утврдена со Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, се обезбедува примената на правото и заштита на човековите права и слободи.

Целите и функциите утврдени со оваа Програма, го опфаќаат следното:

1. Навремено и квалитетно решавање на предметите што се во надлежност на Судот;
2. Заштита и почитување на човековите права и слободи;
3. Непристрасно применување на правото без оглед на положбата и својството на странките;
4. Правна сигурност и создавање услови, секој човек да живее безбедно, во рамките на примената на правото;
5. Изготвување анализи, информации и укажувања, коишто ќе помогнат во правилната примена на правото;
6. Средби и советувања, организирани од Академијата за судии и јавни обвинители, во врска со едукацијата на судиите и судските службеници, како и советувања организирани од од Здружението на судии на РСМ и од други органи и организации.

Во време на изготвување на Програмата за работа за 2023 година, во Управниот суд во Скопје се пополнети вкупно 27 судиски места вклучувајќи го и Претседателот на судот, од вкупно предвидените 33 судиски места, вклучувајќи го и Претседателот на судот, согласно Одлука на Судски совет на Република Македонија. Во овој период, на еден од судиите на

Управен суд му мирува функцијата судија на Управен суд, од причина што е избран за Претседател на Виш Управен суд.

Заклучно со денот на донесување на оваа Програма во Управниот суд се вработени: 74 судски службеници, 4 припадници на судската полиција и 2 лица кои вршат технички работи, а се вработени согласно Законот за работни односи. Воедно, во текот на 2022 година се спроведе постапка за вработување на 17 судски службеници на определено време, заклучно со 31.12.2022 година.

На почетокот на месец јули 2022 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на еден судски службеник со звање советник - портпарол од Министерство за информатичко општество и администрација.

Во текот на 2022 година, Управниот суд, спроведе постапка за кариерно унапредување на 6 судски службеници со објавување на Интерен оглас, како и постапка за вработување на на 7 судски службеници на неопределено време со објавување на Јавен оглас, заклучно со 31.12.2022 година.

Воедно, во текот на 2022 година на 6 судски службеници им престана работниот однос во Судот.

Во 2022 година потребни се најмалку 15 вработувања на судски службеници: стручни судски службеници, административно судски службеници во писарница и дактилографи, а со цел ефикасно и ефективно вршење на надлежности на Управен суд.

Административниот објект во кој е сместен Управниот суд и ги извршува работите и задачите од својата надлежност, започнувајќи од 06.07.2022 година се наоѓа на ул.Даме Груев број 6 во Скопје и истиот со Одлука донесена од Владата на Република Македонија бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година, му е доделен на трајно користење на Управниот суд, без надомест. Предметниот објект започнувајќи од месец март 2021 година па се' до денот на вселувањето на Судот во објектот е целосно реновиран и адаптиран за потребите на Судот. По завршување на процесот на реновирање и адаптирање, Управниот суд располага со 8 современо опремени судници во кои се одржуваат јавни расправи, кои се правило согласно Законот за управните спорови ("Службен весник на РМ" бр.96/19), па оттука Судот во текот на 2022 година се стекна со соодветни просторни капацитети за извршување на своите надлежности.

За реализација на Програмата ќе се грижи Претседателот на Судот, судиите, судските службеници, припадниците на судската полиција и другите вработени во Судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ**

Во делокруг и функционална надлежност на Претседателот на Судот, се предметите од судската управа и тоа: „СУ“; „СУ-01“; „СУ-02“; „СУ-03“; „СУ-04“; „СУ-05“; „СУ-ИЗЗ“; „СУ-ДОВ“; „СУ-СТР-ДОВ“; „УПП“ и „СПИ“.

Во текот на 2022 година, во уписниците „СУ“, се заведени 1298 предмети, во уписникот „УПП“ се заведени 461 предмети и во уписникот „СПИ“ се заведени 28 предмети. Имајќи ја во предвид претходната практика на евидентирани барања во наведените судски уписници, очекуван број на нови предмети, кои ќе се евидентираат во текот на 2023 година, во уписниците „СУ“ би бил 1400 предмети, во уписникот „УПП“ би се евидентирале 500 предмети, а во уписникот „СПИ“ се очекува да бидат евидентирани 30 предмети.

Претседателот на Управен суд, како судија на овој Суд, не постапува и не одлучува по предметите кои ќе се заведат во Управен суд, по тужби кои произлегуваат од одредбите на Изборниот законик, а имајќи ги во предвид утврдените обврски на Претседателот на Судот, согласно Законот за судовите, во поглед на организирање на работата на Судот и превземање на мерките за навремено и уредно вршење на работите во Судот. Горенаведеното произлегува и од обврските на Претседателот на Судот, утврдени согласно Судскиот деловник, по однос на одобрувањето за фотографирање, снимање во Судот и јавно прикажување, а особено во однос на навременето информирање на јавноста за работата на Судот во текот на постапката на заштита на избирачкото право.

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2023 година работата на Управниот суд, ќе се врши во рамки на четири специјализирани судски оддели, согласно член 12 од Законот за судовите („Службен Весник на РМ" бр.58/06...96/19), и тоа:

### I - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА

Во рамките на овој оддел се формираат **два совета** кои ќе постапуваат и одлучуваат по предмети од имотно-правната област, денационализацијата, урбанизмот, градежништвото и други сродни права и истите ќе одлучуваат по следните основи: доделување на градежно земјиште; оттуѓување на градежно земјиште; запишување во катастар на недвижности; мерки на инспекциски надзор од областа на работните односи од областа на образованието; надомест за користење градежно земјиште; образование; одземање на корисничко право на градежно земјиште; предимствено право на користење на градежно земјиште; трансформација на правото на користење на градежно земјиште; утврдување содржина на недвижности; Централен регистар; финансиска поддршка за рурален развој; молчење на администрација од областа на финансиска поддршка за рурален развој; спорт; надомест по основ на невработеност; судир на интереси и корупција; брисовни тужби; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; вештаци од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот – советот; денационализација; деекспропријација и други основи од управно; експропријација; трансформација на претпријатија со општествен капитал; разрешување од должност од органите на локалната самоуправа; ветеринарство; водостопанска согласност; воздухопловство; електронски комуникации; животна средина (во кој основ се вклучени заштита и спасување од природни непогоди, субвенции и мерки за заштита на животната средина-пелети); запирање на градба; комунална дејност; легализација; линиски превоз; мерки на инспекциски надзор од земјоделство; мерки на инспекциски надзор; мерки на инспекциски надзор од областа на линискиот превоз; мерки на инспекциски надзор од областа на одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација; мерки на инспекциски надзор од областа на ветеринарство; мерки на инспекциски надзор од областа на комунална дејност; мерки на инспекциски надзор од областа на животната средина; мерки на инспекциски надзор од областа на лов; мерки на инспекциски надзор од областа на отстранување на градба, објект, времен објект; одлука за раскинување на договор за закуп; одобрение за вршење на дејност; железнички сообраќај; одобрение за градење; одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација; одобрение за употреба на објект; отстранување на градба, објект, времен објект; поврат на средства од субвенции; прекин на градба; радиодифузија; решение за локациски услови; станбени; риболов; урбано санациони мерки; уривање на објект; шумарство; поврат на средства и камата од областа на одделот – советот; заштита на споменици и културно наследство; култура (филмска дејност); користење на паркинзи; прекршоци од разни области и управни договори од областа на одделот – советот.

## II - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ЦАРИНИ, КОНЦЕСИИ, ЈАВНИ ПРИВАТНИ ПАРТНЕРСТВА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА

Во овој оддел се формира **еден совет** кој ќе постапува и одлучува по предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување и други сродни права и истиот ќе одлучува по следните основи: старосна пензија; семејна пензија; земјоделска пензија; инвалидска пензија; усогласување на пензија; најнизок износ на пензија; нов износ на пензија; утврдување на стаж на осигурување - пензиски стаж; придонеси за пензиското и инвалидското осигурување; придонеси за здравствено осигурување; права од задолжително здравствено осигурување; права од здравствено-санитарен надзор и контрола; права на здравствена заштита; приватна здравствена организација; надомест на трошоци за лекување во странство; лекување во земјата и во странство; надоместоци за набавени лекови и медицински помагала; паричен надоместок за телесно оштетување; помош и нега на друго лице; социјална помош; социјална парична помош; еднократна помош; постојана парична помош; право на парична помош на мајка која родила четвртто дете; мирновремена воена инвалиднина; надомест на плата за скратено работно време поради нега на телесно и интелектуално попречено дете; старателство; посвојување на дете; видување и доделување на деца; додаток на деца; професионална рехабилитација; додаток за глувост и мобилност; распоредување на други соодветни работи, преквалификација, доквалификација и право на други надоместоци; сместување во завод за рехабилитација на ретардирани лица; надзорни мерки на инспектор на труд; прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот – советот; бесплатна правна помош; други основи од управно и управни договори од областа на одделот – советот.

Во рамките на овој оддел се формираат и **два совета** кои ќе постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на царините, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права и истите ќе одлучуваат по следните основи: царини; авторски права; акцизи; банкарски работи; возила; државјанство; други основи од управно; енергетика; живеалиште; комунална такса; концесии и јавно приватни партнерства; матичната евиденција; одбрана; оружје; патни исправи; права од индустриска сопственост; прекршоци од областа на царините; престој; статус на бегалец–азил; судска такса; хартии од вредност; деловен субјект; извршување на санкции; заштита на лични податоци; пристап до информации од јавен карактер; поврат на средства и камата од областа на одделот – советот; прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот – советот и управни договори од областа на одделот – советот.

## III - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА

Во овој оддел се формираат **три совети**, кои ќе постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на финансиките прашања и други сродни права и истите ќе постапуваат по следните основи: персонален данок на доход; данок на личен доход; данок на добивка; данок на додадена вредност; данок на имот; данок на промет на недвижности; данок на наследство и подарок; јавни набавки; верификација на факти; присилна наплата (тука спаѓаат и присилна наплата на радиодифузна такса и присилна наплата на комунална такса); работни односи; финансиски прашања од спорт; право на плата по престанувањето на функцијата (апанажа); финансирање на политички партии; поврат на средства и камата; адвокати; медијатори; извршители; нотари; обвинители (престанок и разрешување од

функција на обвинители и кандидати за полагање на правосуден испит); игри на среќа; класифицирани информации; економија; забрана за вршење на дејност; разрешување од должност; разрешување од должност-носители на јавна функција; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот ( од областа на финансиите); прекршоци од разни области; прекршоци од областа на даноците; сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот - советот и управни договори од областа на одделот - советот.

Доколку, пред Управниот суд се заведе управен спор, за основ кој со оваа програма, не е определен во надлежност на специјализираните судски оддели, истиот ќе се заведе во Уписникот-УРП- Разни управни предмети.

Во Уписникот -УРП- се заведуваат и предметите по основ „изборно право“ поврзани со Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/2006...215/21) како и предметите заведни против одлуки на Државната комисија за спречување на корупција, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ“ бр.12/19), а донесени во врска со член 8-а, член 8-б и член 8-в од Изборниот законик.

Во Уписникот -УРП- се заведуваат и предметите поврзани со Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/00...140/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19).

Во Уписникот – УРП – се заведуваат и предметите по тужба на кандидати за слушатели во Академија за судии и јавни обвинители согласно Законот за Академија за судии и јавни обвинители (“Службен весник на РМ” бр. 20/15…163/18).

Имајќи предвид дека во текот на 2022 година, во овој Суд, вкупно биле заведени и оформени 6634 нормирани нови предмети, по кои се постапува во советите во рамките на специјализираните судски оддели, очекуван број нови предмети во 2023 година, би бил околу 7000.

## <u>IV - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ СУДСКА ПРАКСА</u>

Во Управен суд е формиран и функционира специјализиран судски оддел за судска пракса.

Одделот за судска пракса ја усогласува работата на сите судски оддели во Судот во извршување на задачите коишто се однесуваат на евиденција и проучување на судската пракса. Претседателите на сите оддели во судот се должни да ги доставуваат правните мислења и заклучоците до Претседателот на одделот за судска пракса.

### ПОСТАПУВАЊЕ ПО ТУЖБИ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

По поднесена тужба за повторување на постапката, за судии кои се во Управниот суд, постапува судијата известител кој постапувал по иницијално поднесената тужба, независно од основот на тужбата, се до правосилно окончување на постапката по тужбата за повторување на постапката, во советите утврдени со Распоредот за работа на Управниот суд за 2023 година, Су-01.бр.0102-33/22 од 12.12.2023 година.

По поднесена тужба за повторување на постапката, за правосилно окончан предмет од судија кој не е во работен однос во Управниот суд (пензионирани, избрани во повисок суд, судии на кои им мирува функцијата во Управниот суд, разрешени судии поради нестручно и несовесно работење и друго), се постапува на начин што предметот оформен под бројот под

кој е заведена иницијално поднесената тужба, се распределува на надлежен судија од соодветниот оддел/совет, по донесено решение на Претседателот на судот, заведено во "СУ" уписник, кој ја продолжува работата со предметот по поднесеното повторување.

## ИЗГОТВУВАЊЕ АНАЛИЗИ, ИЗВЕШТАИ И ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ

Во текот на 2023 година во Управен суд ќе се изработуваат анализи и извештаи со прегледи и информации за актуелни правни прашања и теми од делокругот на работата на Судот, а со цел подобрување на ефикасноста и ефективноста на Судот. По потреба судиите и судските службеници во тековната година, ќе изработуваат материјали за советување од определена област, при што во соодветниот оддел ќе се определуваат темите и лицата кои ќе ги изработуваат, како и времето на одржување на советувањето, а материјалот ќе треба да се верификува на соодветниот оддел, за што претседателите на советите, во рамките на одделот, ќе го известат претседателот на Судот.

Во текот на 2023 година ќе се изготват извештаи со податоци за работата по претставките и предлозите во тековната година, за движењето и решавањето на предметите во Управниот суд и за состојбата со решавањето на старите предмети.

## СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

Претседателот на Управниот суд ја следи работата на судиите, како и состојбата со старите нерешени предмети, непосредно, преку АКМИС системот и преку Работното тело за управување со движењето на предметите во судот.

Работното тело за управување со движењето на предметите во судот, во чиј состав се претседателите на четирите специјализирани судски оддели, се состанува најмалку еднаш месечно и на седниците на Работното тело се предлагаат мерки за решавањето на старите нерешени предмети, кои се доставуваат до Претседателот на судот, кој заедно со судиите на судница на судии одлучуваат за нивно ефектуирање.

Судиите се должни да доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети, со наведување на причините за не решавањето и да направат акционен план за временската рамка во која предметите би се решиле во текот на 2023 година.

Во текот на 2022 година, новопримени стари предмети се 315 додека во 2021 година новопримени стари предмети се 153, што е за 48,6% зголемен бројот во 2022 во однос на 2021 година. Потребно е да се потенцира дека причината за зголемување на бројот на стари нерешени предмети се модел постапките по кои судиите немаат донесено конечна одлука, бидејќи согласно Законот за управните спорови за донесување на конечна одлука, неопходна е одлуката од повисокиот суд, која до моментот на донесување на оваа Програма не е доставена до Управниот суд, а кое нешто законот го овозможува, односно предвидува и наложува на судиите кои постапуваат по предмети кои добиваат третман на модел постапка.

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА

Заради стручно усовршување, судиите и судските службеници во Управниот суд, како и другите вработени во судската служба, ќе се учествуваат на советувања, семинари и друг вид обуки, што ќе ги организираат Академијата за судии и јавни обвинители, судовите, Здружението на судиите, државните органи и разни странски организации и асоцијации. Притоа одлука за учество на советувањата и семинарите, донесува Претседателот на Судот

и Претседателите на соодветните оддели, во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, а сите имаат право на подеднакво стручно усовршување.

## ДРУГИ ФОРМИ НА РАБОТА

Вработените во судската служба, работата ќе ја остваруваат во рамките на работните задачи, предвидени со актите на Судот и тоа што ќе им биде доверено во работа од страна на Претседателот на Судот и Судскиот администратор.

Секој вработен во судската служба е должен да дава месечен извештај за својата работа, во кој ќе ги евидентира извршените работи во текот на месецот, а кои ќе послужат при оценката на неговата работа.

Судската полиција, со која раководи Претседателот на Управен суд, должна е да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите и да се обучува теоретски и практично, согласно Планот на Претседателот на Судот.

Во текот на 2023 година, континуирано ќе се ажурираат податоците објавени на веб страната на Судот.

Од 01.01.2018 година, во функција е интерната веб страна на Управен суд, на која се објавуваат сите потребни податоци и информации во врска со работата на Судот.

Во текот на годината, Програмата соодветно би се изменувала и дополнувала во согласност со актуелните случувања, а се' со цел подобрување на квалитетот на работата на Судот.

Програмата за работа на Управен суд за 2023 година, ќе започне да се применува од 01.01.2023 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН СУД**
**m-r Burim Sejdini**